Друштво за осигурување

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА БРЕМЕНОСТ И ПОРОДУВАЊЕ

**Јануари, 2023**

**ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ**
**Член 1**

[1] Овие посебни услови за осигурување на бременост и породување (во понатамошниот текст: Посебни услови) се составен дел од Договорот за осигурување што договарачот на осигурување ќе го склучи со Халк Осигурување АД Скопје ( во понатамошниот текст: Осигурувач)

[2] Посебните услови, заедно со Општите услови за Доброволно здравствено осигурување за специјалистички медицински третман, прашалникот за здравствена состојба и понудата се составен дел на Договорот за осигурување.

[3] Ризикот бременост и породување може да се склучи единствено како дополнителен ризик кон полисата за Доброволно здравствено осигурување и тоа со Договор со минимално времетрање од 36 месеци, доколку поинаку не е договорено.

[4] Осигурувачот и Договарочот/Осигуреник склучуваат договор за лојалност во времетраење од 36 месеци, доколку поинаку не е договорено.

[5] Полисата за осигурување е годишна и истата се издава согласно склучениот Договор за осигурување.

[6] Осигурувањето за ризикот бременост и породување се склучува без период на мирување(каренца) и во било кој период од бременоста на осигуреникот.

[7] За се што не е уредено во овие Посебни услови, во целост важат Оштите Услови за Доброволно приватно здравствено осигурување за специјалистички медоцински третман.

**ОБЕМ НА ПОКРИТИЕ**
**Член 2**

[1] Ризикот бременост и породување може да се склучи како семејно осигурување (два или повеќе члена).

[2] Осигураната сума за ризикот бременост и породување може да се договори на:
1) 92.250 мкд, освен ако поинаку не е договорено;

[3] Под семејно осигурување се подразбира брачни или вонбрачни партнери и нивните деца со иста адреса на живеење, кое што се докажува со увид во лична карта. Во семејно осигурување за деца се сметаат и лица со навршени најмногу 26 години старост кои живеат на иста адреса со своите родители, кое што се докажува со увид во лична карта.

[4] Осигурената сума за ризикот бременост и породување е во агрегат и истата важи за целото времетраење на Договорот.

[5] Осигурувањето за ризикот бременост и породување ги покрива трошоците за сите редовни и медицински индицирани прегледи за време на бременост и спонтано породување/ породување со царски рез.

[6] Како трошоци за сите редовни и медицински индицирани прегледи за време на бременост се сметаат сите прегледи кои се препишани од страна на овластен лекар-гинеколог кој ја води или врши надзор за бременоста во било која фаза од истата.

[7] Како тошоци за спонтано породување или породување со царски рез се сметаат трошоци за пакет породување кои вклучуваат сместување, породување и останати трошоци дефинирани од страна на давателите на здравствени услуги.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**Член 3**

[1] За односите помеѓу осигурувачот, осигуреникот, договарачот и останатите лица на кои се однесува, а кои не се регулирани со овие услови, ќе се применат одредбите од Законот за облигациони односи.
[2] Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен граѓански Суд во Скопје.

**НАДЗОР НАД ДРУШТВОТО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 4**

[1] Орган надлежен за надзор на осигурителното друштво е Агенцијата за супервизија во осигурување.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**Член 5**

**Постапка по приговори**

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известивање од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Постапка по жалба**

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

**Решавање на спорови**

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорените страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Исновниот суд Скопје 2.

Овие Услови се донесени врз основа на Одлука на Надзорниот Одбор на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје бр. 0203-03/18 од 28.12.2022 и ќе се применуваат од 01.01.2023 година.